Врз основа на член 19 став (1) точка 19) од Законот за ревизија (Службен весник на РМ, број 158/2010, 135/2011, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 192/2015 и 23/2016 година), а во врска со член 25 став (7) точка 10) од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ), Управниот одбор на ИОРРМ на седницата одржана на 22.12.2016 година ја донесе следната

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**

**за работа на ИОРРМ за 2017 година**

1. Годишната програма за работа на ИОРРМ за 2017 година, се изработува врз основа на надлежностите уредени со Законот за ревизија (Службен весник на РМ, број 158/2010, 135/2011, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 192/2015 и 23/2016 година) и Статутот на ИОРРМ.
2. Во текот на 2017 година, Институтот на овластени ревизори на РМ ќе ги спроведе следните активности:

| **Активност** | | **Рок за спроведување** |
|---|---|---|
| 1. | Водење на Регистар на ревизори, Регистар на овластени ревизори, Регистар на друштва за ревизија, Регистар на овластени ревизори – трговци поединци и Регистар на трајно одземени лиценци. | Годишна активност (01.01-31.12.2017) |
| 2. | Изготвување и усвојување на Годишна програма и Финансиски план на ИОРРМ за 2016 година. | Прво тримесечје на 2017 година |
| 3. | Изготвување и усвојување на Годишен извештај за работа на ИОРРМ за 2016 година | Прво тримесечје на 2017 година |
| 4. | Изготвување на Програма за Континуирано професионално усовршување на овластените ревизори за 2017 година, во согласност со најновите достигнувања во професијата. | Прво тримесечје на 2017 година |
| 5. | Организирање и спроведување на континуирано професионално усовршување. | Годишна активност (01.01-31.12.2017) |
| 6. | Организирање и спроведување на практични семинари од областа на ревизијата. | Годишна активност (01.01-31.12.2017) |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Организирање на обука за примена на ревизорската алатка (PACK PE). | Прво тримесечје на 2017 година |
| 8. | Изготвување упатства за изготвување на ревизорска документација. | Годишна активност (01.01-31.12.2017) |
| 9. | Организирање и спроведување на испит за стекнување на звањето ревизор. | Годишна активност (01.01-31.12.2017) |
| 10. | Донесување на тригодишна и годишна програма за контрола над членовите на Институтот. | Прво тримесечје на 2017 година |
| 11. | Спроведување контрола на квалитетот над членовите на Институтот. | Годишна активност (01.01-31.12.2017) |
| 12. | Преведување и објавување во ‛Службен весник на РМ‵ на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), Меѓународните стандарди за контрола на квалитет и Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC. | Годишна активност (01.01-31.12.2017) |
| 13. | Следење на примената на МСР, Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC кај друштвата за ревизија и кај овластените ревизори – трговци поединци. | Годишна активност (01.01-31.12.2017) |
| 14. | Промовирање на МСР и Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC. | Годишна активност (01.01-31.12.2017) |
| 15. | Спроведување на дисциплински постапки и изрекување мерки на членовите опоради повреда на МСР, Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC и актите на ИОРРМ. | Годишна активност (01.01-31.12.2017) |
| 16. | Донесување програма за обука на овластените ревизори кои спроведуваат контрола на квалитет. | Прво тримесечје на 2017 година |
| 17. | Издавање на Билтен на ИОРРМ. | Годишна активност (01.01-31.12.2017) |
| 18. | Соработка со регулаторни тела и институции во земјата | Годишна активност (01.01-31.12.2017) |
| 19. | Соработка со професионални организации на сметководители и ревизори и други професионални организации, во земјата и во странство. | Годишна активност (01.01-31.12.2017) |

| | |
|---|---|
| 20. Усогласување на актите на ИОРРМ со Законот за измени и дополнувања на Законот за ревизија (Службен весник на РМ, 188/2013, 138/2014, 192/2015 и 23/2016 година). | (01.01-30.06.2017) |
| 21. Изготвување на Правилник и методолошко упатство за контрола на конфликт на интереси. | Прво тримесечје на 2017 година |
| 22. Изготвување и усвојување на Одлука за утврдување на минимален број на часови и Одлука за минимален надоместок по 1 час за ангажмани за законска ревизија. | Второ тримесечје на 2017 година |

3. Оваа Годишна програма за работа на ИОРРМ за 2017 година стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добивање на согласност од страна на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија.

**Борислав Атанасовски**
**Претседател на ИОРРМ**